БАРАЊЕ ПОНУДА ЗА УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ
Скопје, 01.11.2024 година

Македонската платформа против сиромаштијата (МППС) е регистрирана како сојуз на здруженија на граѓани со цел намалување на сиромаштијата преку промоција на социјална правда, партиципативна демократија, заштита на човековите права, еднаквост, солидарност, недискриминација и владеење на правото. Тесно соработувајќи со маргинализираните и ранливите граѓани, организацијата иницираше, организираше, водеше, соработуваше, управуваше и надгледуваше десетици проекти во последните 13 години, градејќи национална мрежа која има за цел „никој да не биде изоставен“ додека општеството се развива. Ова искуство и вмрежувањето и овозможуваат на организацијата да допре до ранливите луѓе изложени на ризик, оние кои се маргинализирани и социо-економски сегрегирани, кои се групи на луѓе до кои е тешко достапни, особено кога станува збор за „да се слушне нивниот глас“ за општествено релевантни прашања.

1. <u>Информации за проектот и услугата</u>

Проектот „POWER UP – Играчите на пазарот на социјална енергија се справуваат со енергетската сиромаштија“ е проект финансиран од програмата Хоризонт 2020 на Европската Унија, а координиран од страна на Енерџи ситис. Партнерите на проектот се од Италија, Белгија, Шпанија, Чешка, Холандија и Северна Македонија. Главна цел на проектот е спроведување пилот шеми за домаќинствата во енергетска сиромаштија, така што да имаат корист од производството на обновлива енергија и мерки за енергетска ефикасност, без да сносат финансиски ризици. Преку активностите се прави развој и зајакнување на локалните чинители на енергетскиот пазар со социјална агенда, заснована на долгорочна перспектива за стекнување локалното знаење и зајакнување на локалната економија. Конечно, преку заеничката работа на темата целта е да се шири искуството на членовите на конзорциумот за да се олесни репликацијата во европските земји.
Поврзано со организирање на состанок на конзорциумот, за потребите на проектот е потребна набавка на угостителски услуги за група од 15 до 25 лица.

2. <u>Спецификација</u>

Понудата треба:
- да вклучува обезбедување на оброк со вклучени предјадење, салата, главно јадење, десерт и безалкохолен пијалок;
- да се достави со цена по лице, изразена во денари, без вклучен данок на додадена вредност (ДДВ);
- да содржи име, адреса и седиште на понудувачот на услугата, даночен број, броеви на телефон, е-маил адреса и лица за контакт.

Пожелно е понудата да биде проследена и со предлог мени за понудената цена, едно или повеќе опции.

3. <u>Начин на пријавување и поднесување на понудите</u>

Понудата се поднесува електронски преку е-маил mppsmk@gmail.com, со наслов – Понуда за угостителски услуги. Повикот е отворен од 01.11.2024 до 10.11.2024 година.

4. <u>Дополнителни информации</u>

По извршената евалуација на пристигнатите понуди и одобрување на избраната најповолна понуда ќе биде контактиран само правниот субјект со одобрена најповолна понуда.
Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки и даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.
Дополнителни информации за повикот можете да добиете на наведената е-маил адреса.